**Бруто домашен производ и сивата економија**

Бруто домашниот производ (БДП) претставува основен макроекономски агрегат во секоја економија. Порастот на БДП претставува мерило за успехот на економската политика, а изразувањето на останатите макроекономски агрегати во однос на БДП, како на пример буџетски дефицит како процент од БДП, дефицитот на тековната сметка од Платниот биланс во БДП, или учеството на инвестициите, личната и јавната потрошувачка во БДП се незаменливи индикатори во секоја макроекономска анализа.

Во ЕУ, овие индикатори добиваат уште поголемо значење поради нивното користење за многу аспекти од заедничката економска и регионална политика и претстојната монетарна унија. Заради обезбедување објективност и конзистентност во користењето на макроекономските индикатори и избегнување на можните манипулации кои би вршеле пресија врз односите помеѓу земјите членки, ЕУ презема сериозни мерки за конзистентно мерење на БДП во земјите членки. Во рамките на заедничката статистичка служба ЕУРОСТАТ веќе две години се спроведува истражување за исцрпноста (exaustiveness) на пресметките на БДП во земјите членки кон кое се приклучени и земјите кандидати. Целта е да се утврди опфатот на БДП во секоја земја, големината на неопфатената економија (сива економија од статистички аспект) и да им се помогне на земјите кои имаат најголеми проблеми во опфатот на сите производни активности, да развијат методи за нивна редовна проценка и вклучување во официјалниот БДП.

Каква е состојбата во Македонија на овој план, односно колку е исцрпна пресметката на БДП? Во 1995 година во Македонија за првпат се објавени пресметки на БДП при што е изработена серија од 1990 година. Оттогаш Заводот за статистика на Република Македонија редовно го пресметува БДП, а од 1996 година се изврши напуштање на концептот на Општествен производ и целосно се премина кон Бруто домашниот производ.

БДП ја мери вредноста создадена од производните активности на резидентните институционални единици. Притоа, како производни активности се смета производството на стоки и услуги (освен услугите за сопствена употреба) без оглед дали е тоа легално или нелегално, регистрирано или нерегистрирано. Пресметката на БДП базира на концептот на Систем на национални сметки (System of national accounts) за разлика од Општествениот производ кој својата теоретска подлога ја имаше во концептот на материјално производство. Основната разлика меѓу двата концепта е во третманот на непазарните услуги (здравство, образование, државна управа) и финансиските услуги кои спред материјалниот концепт се непроизводни и не учествуваат во создавањето на Општествениот производ, додека според Системот на национални сметки се производни активности и директно придонесуваат во создавањето на БДП. Со започнувањето на транзицијата во македонската економија се покажа дека концептот на Општествениот производ кој беше својствен за социјалистичката економија не ги рефлектира соодветно економските процеси во една пазарна економија. Имено, некои дејности кои доживуваат експанзија во Македонија во последниве години како што се финансиските услуги, приватните здравствени организации, приватните школи за јазици, консултантските услуги не би биле измерени во ОП.

Усвојувањето на концептот на БДП не е единствениот предуслов за добивање на веродостоен и реален макроекономски показател. Транзицијата на економскиот систем, карактеризирана со експанзија на приватната иницијатива во услови на неизградена институционална и правна регулатива, опаѓање на животниот стандард и пораст на невработеноста создаде поволна клима за

експанзија на делот од економијата кој не беше покриен со постоечкиот статистички систем. Од тие причини Заводот за статистика паралелно со воведувањето на концептот на БДП започна целосна ревизија на тогашната методологија за пресметка на Општествениот производ и изградба на нова методологија која ќе обезбеди висок опфат на БДП на сите производни активности. Притоа, се настојува целосно да се применат препораките на SNA 93 и ESA 95. Според овие методолошки прирачници донесени од ООН, ОЕЦД, ММФ, Светската банка и ЕУ, а целосно прифатени и применувани во светот, пресметката на БДП е можна според три методи. Првиот метод тргнува од вредноста на производството на стоки и услуги од кое со одбивање на трошоците за материјали и услуги се добива новосоздадената вредност, односно БДП. Со вториот метод БДП директно се добива преку пресметка на неговите елементи - доходот на вработените, бруто добивката на претпријатието и даноците на производи кои претставуваат примарни доходи на работната сила, капиталот и на државата. Третиот метод тргнува од употребата на БДП за лична и јавна потрошувачка и инвестиции на што се додава салдото на извозот и увозот на стоки и услуги. Заради постигнување на што пореална и посеопфатна пресметка на БДП вообичаено е тој да се добие од независни извори на податоци по најмалку два од трите методи.

Во Македонија БДП се пресметува според производниот метод при што како извори на податоци се користат Завршните сметки на правните лица и проценките направени за индивидуалните фарми и дуќани; и според трошковниот метод при што како основен материјал се користат податоците од Анкетата за потрошувачка на домаќинствата, буџетот, посебно истражување за инвестициите и царинските декларации за увозот и извозот. На овој начин се овозможува вкрстување на податоците добиени според двата методи, нивно балансирање и доаѓање до финалниот податок за БДП.

Во последниве неколку години во Македонија, иницијалните независни пресметки покажуваат дека БДП добиен според трошковниот метод е за 10-12% поголем од БДП добиен според производниот метод. Ова јасно укажува дека најмалку толкав дел недоставува во пресметката на БДП по производниот метод. Меѓутоа, и податокот добиен според трошковниот метод не се смета за конечен што значи дека се дозволува неопфатениот дел да е значително поголем. Од тие причини после првичните проценки се вршат детални анализи на двете пресметки.

Пресметката добиена по производниот метод генерално гледано се извршува за две групи на субјекти - правни лица и неформален сектор. Производството и додадента вредност на правните субјекти се пресметува врз основа на нивните завршни сметки што значи дека евентуалните прикривања присутни во нив се отсликуваат и во БДП. Анализите на Заводот за статистика покажуваат дека вообичаено трошоците се преценети што доведува до потценување на платите и бруто добивката. Проценката на неформалниот сектор не е заснована на извештаи од производните субјекти туку на директни проценки од експерти за соодветна област. На пример, оутпутот и трошоците на индивидуалните фарми се пресметуваат од експерти за земјоделство врз основа на засеаните површини, остварените приноси и просечните цени; оутпутот создаден при изградба на индивидуални куќи се проценува од експерти за градежништво врз основа на податоците за квадратурата на изградените куќи со дозвола како и на дивоградбите. На овој начин се добива солидна пресметка за неформалниот сектор така да тој не претрпува некои позначајни корекции во процесот на балансирање.

Како што рековме на детална анализа се подложува и трошковната страна на БДП. Притоа, кај јавната потрошувачка не се прават никакви корекции бидејќи нејзината пресметка базира на буџетот, а се смета дека во буџетот сите трансакции се регистрираат. Доколку и постојат сиви трансакции кај буџетските корисници тие веројатно не се од обем што би влијаел на големината на БДП. Меѓутоа, значително внимание се посветува на личната потрошувачка и инвестициите. Иницијалната пресметка на личната потрошувачка се врши врз основа на Анкетата за потрошувачка на домаќинствата, при што се анализира секоја позиција и се согледува реалноста на декларираната потрошувачка на одредени производи како количински така и вредносно.

Во процесот на балансирање на производната и трошковната пресметка на БДП корекции се прават на двете страни. Притоа, сите оние трансакции кои се регистрирани барем во еден сегмент од производниот циклус без разлика дали е тоа при производството, потрошувачката, инвестирањето или при увозот и извозот, најверојатно ќе бидат измерени во БДП. Имено, може бананите да ја поминат границата без да да се регистрираат како увоз и да се продадат на крајниот потрошувач без да се регистрираат во книговодството на продавачот, меѓутоа ако анкетираното домаќинство реално ја декларира потрошувачката на банани, тие ќе бидат вклучени во крајната пресметка на БДП. Следејќи ја оваа логика, дојдено е до сознание дека во последниве неколку години прометот на претпријатијата кои се занимаваат со трговија на мало е двапати помал од вредноста која населението ја троши на стоки за широка потрошувачка. Тоа упатува на заклучокот дека дел од таа разлика претставува нерегистрирана продажба од претпријатијата, а остатокот, трговија извршена од неовластени лица. На таа основа се врши корекција на производната пресметка на БДП.

Доколку пак, поради високата стандардна грешка на оценка за потрошувачката на трајни добра (патнички автомобили, бела техника) податокот од Анкетата не е доволно сигурен, се врши споредба со податоците од увозот и извозот и производството на тие производи или се користат податоци од административната евиденција (на пр. број на новорегистрирани патнички автомобили). Нешто слично се прави и кај инвестициите каде што податоците кои се добиени од претпријатијата се корегираат со оние кои се добиваат од анализата на тековите на машини и опрема (производство + увоз - извоз = инвестирано во Македонија).

Како резултат на процесот на балансирање значително се зголемува трошковната пресметка, а уште повеќе производната пресметка на БДП, по што тие се доближуваат на многу мала статистичка разлика. Увозот и извозот воопшто не се корегираат иако според информациите во јавните медиуми очигледно постои нерегистриран увоз, а и извоз. Доколку салдото на нерегистрираниот извоз и увоз е нула тогаш тоа не влијае на податокот за БДП. Ако нерегистрираниот извоз е поголем од нерегистрираниот увоз тоа значи дека БДП е потценет, меѓутоа ако ситуацијата е обратна тогаш БДП е преценет.

На крај, имајќи ја предвид методологијата и нејзината практична примена може да се каже дека исцрпноста на пресметката на БДП во Македонија е далеку повисока отколку што во јавноста се мисли. Како тогаш да се објаснат проценките кои често може да се слушнат во јавноста од економисти, стопанственици и новинари дека сивата економија во Македонија изнесува 30, 40, или 50%? Очигледно, при изнесувањето на вакви проценки се врши квантификација на сивите трансакции во македонската економија при што се немаат во предвид дефиницијата и содржината на БДП. Затоа, доколку ги земеме проценките за големината на сивите трансакции како точни, клучните прашања

се колку од нив се производни трансакции кои придонесуваат во создавањето на БДП, и колку од нив не се опфатени во пресметката на БДП.

Што се однесува до првото, сивите трансакции исто како и легалните можат да бидат производни и непроизводни. Во Македонија голем дел од сивите трансакции се непроизводни кои можат да се сместат во сферата на прераспределбата на примарниот доход или општественото богатство. На пр. сивите трансакции кои се случуваат во здравството, образованието и државната администрација во облик на плаќање мито за добивање одреден преференцијален третман што всушност претставуваат трансфери помеѓу домаќинствата или помеѓу правни субјекти и домаќинствата, а не производство на производи и услуги. Огромен дел од непроизводните сиви трансакции во земјите во транзиција се поврзани со приватизацијата при што се работи за прелевање на општественото богатство во приватни раце кое исто така не претставува производство на стоки и услуги.

Што се однесува до опфатот на сивите трансакции кои без сомнение се производни, јасно е дека голем дел од нив без поголем проблем се измерени во БДП. На пр. шверцот на цигари и трговијата од неовластени лица се сива економија и голем проблем од даночен аспект, меѓутоа статистиката има податоци за потрошувачката и методи за проценка на оутпутот и додадената вредност кои притоа се создаваат. Ако погледнеме во структурата на БДП ќе видиме дека помалку од 70% се создава кај регистрираните правни субјекти. Остатокот отпаѓа на активности кои не се одвиваат преку официјалниот платен промет што секако во јавноста создава импресија дека се тоа сиви активности, иако од статистички аспект не мора да биде случај.

**Табела 1. Споредбен преглед на економските активности кои се мерат во ОП и БДП**

| | **Општествен производ** | **Бруто домашен производ** |
|---|---|---|
| Производство на стоки за пазар | да | да |
| Производство на стоки за сопствена употреба | да | да |
| Производни услуги | да | да |
| Непроизводни услуги | не | да |
| Станбени услуги за сопствено користење | не | да |
| Производство на други услуги за сопствена употреба | не | не |

**Табела 2. Структура на Бруто домашниот производ во 1994 година**

| | **% од БДП** |
|---|---|
| Регистрирани правни субјекти | 67.4 |
| Корекции кај регистрираните правни субјекти | 5.6 |
| Индивидуални дарми и дуќани | 12.1 |
| Нерегистрирана трговија | 4.3 |
| Нерегистрирани работници | 2.6 |
| Авторски хонорари | 0.3 |
| Импутирани станарини | 4.8 |
| Друго | 2.9 |
| БДП | 100 |

Извор: Соопштение бр. 108 од 2. Јули 1997 година на Заводот за статистика